СОГОРЛИВИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ
И ДОДАТОЦИ

# МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ



IMPERIAL
BRANDS

# НАШ МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ ЗА СОГОРЛИВИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ


3 Предговор

4 Наша посветеност

5 Дефиниции

7 Само за возрасни

10 Почитување на изборот на корисникот

11 Одговорен маркетинг за корисниците




# IMPERIAL BRANDS PLC
# МЕЃУНАРОДЕН СТАНДАРД ЗА МАРКЕТИНГ
## СОГОРЛИВИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ И ДОДАТОЦИ

Ние во **IMPERIAL BRANDS PLC** веруваме дека нашите Производи се за Возрасни и ние одговорно комуницираме со корисниците за нашите Производи.

**Ние веруваме во:**

- понуда за Возрасните потрошувачи на широк опсег на **Согорливи тутунски производи и додатоци** за да ги задоволиме нивните вкусови;
- Обезбедување на информации до Возрасните потрошувачи потребни да донесат правилен избор.

**Ние сме посветени на маркетинг и рекламирање на нашите Производи на одговорен начин:**

- во рамките на законите, кодексите на праксата и доброволните договори со земјите во кои работиме; и
- да ги задоволиме вкусовите на Возрасните потрошувачи.

**Ние целосно ги поддржуваме ограничувањата за спречувањето пристап на Младите и ограничувањата на минималната возраст за законска продажба или купување на нашите Производи.**

Ние го применуваме овој **Меѓународен стандард за маркетинг (МСМ) за согорливи тутунски производи и додатоци** на рекламни/промотивни материјали и активности за потрошувачите. Овој МСМ го заменува Меѓународниот стандард за маркетинг на Групацијата Империал Тобако. Во согласност со нашата посветеност кон Одговорно рекламирање и маркетинг утврдена во нашиот Кодекс на однесување, овој МСМ:

- се применува на рекламни/промотивни материјали и активности за потрошувачите за нашите Производи во сите Компании од нашата Групацијата; и
- ја нагласува нашата посветеност кон пласманот и рекламирањето на нашите Производи на Возрасни потрошувачи во сите Компании од нашата Групација.

**Ние ќе продолжиме:**

- да ги почитуваме локалните закони, кодексите на праксата и доброволните договори со кои се уредува рекламирањето и промовирањето на тутунски производи („Законски барања“). На пазарите каде што Законските барања се помалку строги од МСМ, ќе ги применуваме стандардите утврдени во овој МСМ:
- да ги прикажуваме и опишуваме нашите Производи на коректен и искрен начин што нема погрешно да ги наведува Возрасните потрошувачи; и
- да внимаваме дека сите тврдења што ги даваме се точни и може да се докажат.

Сите Компании на нашата Групација, сите вработени и сите што работат во наше име (вклучувајќи ги сите агенции за рекламирање, промоција, истражување, како и сите други организации ангажирани во маркетинг кон потрошувачите на нашите Производи) со добра волја ќе го усвојат овој МСМ.

Овој МСМ е одобрен и промовиран од Извршниот одбор на Imperial Brands Plc на 24 ноември 2020 година.

# НАША ПОСВЕТЕНОСТ

## САМО ЗА ВОЗРАСНИ

**Ние:**

- ги промовираме нашите производи на рекламни/промотивни материјали и активности за потрошувачите што се наменети за Возрасни потрошувачи.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ НА КОРИСНИКОТ

**Ние нема:**

- да охрабруваме никого да стане потрошувач на Согорливи тутунски производи; или
- да ги премислуваме постојните потрошувачи од откажување од консумација, ако тие така одлучат.

**Ние веруваме во:**

- понуда на Возрасните потрошувачи на широк опсег на производи што ги задоволуваат нивните вкусови; и
- Обезбедување на информации до Возрасните потрошувачи потребни да донесат правилен избор.

## ОДГОВОРЕН МАРКЕТИНГ ЗА КОРИСНИЦИТЕ

**Ние:**

- ќе ги прикажуваме и опишуваме нашите Производи на коректен и искрен начин кој нема погрешно да ги наведува нашите Возрасни потрошувачи;
- не тврдиме дека консумацијата на Согорливи тутунски производи е „безбедна“; и
- сме посветени на маркетинг на нашите Производи на одговорен начин.

# ДЕФИНИЦИИ

## ДОДАТОЦИ

Предмети што се користат за консумација на Согорливи тутунски производи, на пример, хартија за виткање цигари, филтри или туби.

## ВОЗРАСЕН

Лице на возраст од 18 или повеќе години, освен ако не е утврдена повисока минимална возраст за законска продажба, набавка, поседување или консумација на тутунски производи со локален закон или доброволен договор. Ако е утврдена повисока минимална возраст, терминот „возрасен“ значи лице најмалку на утврдената минимална возраст.

## РЕКЛАМА / РЕКЛАМИРАЊЕ

Сите рекламни / промотивни материјали, активности и настани за потрошувачите, кои имаат за цел да ги поттикнат Возрасните потрошувачи да изберат еден бренд наместо друг. За да се одбегне сомнеж, следните се исклучени од оваа дефиниција:

- комуникации помеѓу Компаниите на Групацијата и релевантниот промет (трговски комуникации);
- слики на Производи, брендови, амбалажа или рекламирање (а) во корпоративните комуникации (како што се Годишни извештаи и Годишни сметки) и/или (б) за цели од историски интерес;
- корпоративните веб-страници на Компаниите на нашата Групација наменети за пренесување информации за компанијата наместо за промовирање на Производите;
- содржина генерирана од корисниците, вклучувајќи текст, пораки, социјални медиуми, и видеоснимки кои се независно креирани од онлајн корисник, каде што таквата содржина е поставена на интернет-страница што е надвор од наша контрола или контрола на Компаниите на нашата Групација;
- амбалажа на Производот;
- брендирање на Производите на ценовник или сличен облик на комуникација дизајниран да пренесе информации за цени на потрошувачите.

## МЕХАНИЗАМ ЗА ПОТВРДА НА ВОЗРАСТ

Секој механизам за потврда со кој се потврдува дека определен потрошувач е Возрасен.

## СОГОРЛИВ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОД

Тутунски производи коишто целосно или делумно се состојат од растението тутун и кои може да се консумираат со процес што вклучува согорување.

## ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ

Промовирањето брендови или производи и услуги преку дигитален медиум со употреба на технологии / електронски уреди како што се компјутери, таблети, смартфони, мобилни телефони, дигитални билборди и конзоли за игри.

## КОМПАНИЈА / КОМПАНИИ НА ГРУПАЦИЈАТА

Компании во кои имаме контролен удел, на пример, каде имаме повеќе од 50 % од (а) акциите и/или (б) правата на глас.

## ЗАКОНСКИ БАРАЊА

Локални закони, локални / национални кодекси на пракса во земјата и / или доброволни договори со кои се уредуваат нашите Производи.

## ПРОИЗВОДИ

Согорливи тутунски производи и додатоци.

## ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

Различни настани и активности организирани од Компаниите на нашата Групација кои се креирани конкретно со цел да се подигне свеста за определен бренд или брендови на Производи помеѓу Возрасните потрошувачи, и кои не би се одржале без поддршката на Компаниите на нашата Групација.

**Тие не вклучуваат:**

- однапред закажани настани за кои организаторите последователно побарале поддршка од Компаниите на нашата Групација и чиј постојан успех не зависи само од Компаниите на нашата Групација под услов да не се врши никаква промоција на бренд на Производ; или корпоративни настани и активности каде што нема никаква намера да се промовира бренд на тутун.

## СПОНЗОРСТВО

Настан, активност или тим на кој Компаниите на нашата Групација даваат поддршка со цел да се подигне свеста за определен бренд или брендови на Производи помеѓу Возрасните потрошувачи, но и без која поддршка настанот, активноста или тимот сепак би постоеле или би се одржале.

## МЛАДИ

Сите што не се Возрасни.

# САМО ЗА ВОЗРАСНИ

**Ние ќе:**

- ги промовираме нашите производи на рекламни/промотивни материјали и активности што се насочени кон Возрасни потрошувачи.

Возрасните потрошувачи треба да имаат можност да носат информирани одлуки за набавката и употреба на нашите Производи.

**Рекламирањето на брендови на нашите Производи (и нивната содржина) ќе:**

- биде наменето само за Возрасни;
- вклучува само позната личност или ќе содржи поддршка од позната личност само кога се верува дека таквата личност е попривлечна за Возрасни (имајќи го предвид целото население); и
- вклучува само лица кои се и за кои јасно се познава дека се на возраст од **25 години** или постари.

## ПЕЧАТ

Ние ќе објавуваме реклами за брендови на нашите Производи во печатени медиуми само кога имаме задоволителен доказ дека најмалку 75 % од читателите се Возрасни.

## НАДВОРЕШНО РЕКЛАМИРАЊЕ

Ние нема да ставаме никакви реклами за брендови на нашите Производи на надворешни знаци или билборди што се поблиску од 100 метри од главен влез во училиште. Ова не вклучува надворешни знаци на продажни места или места за образование на Возрасни.

## РЕКЛАМИРАЊЕ НА РАДИО, ТЕЛЕВИЗИЈА И ВО КИНО

**Каде е дозволено рекламирање на брендови на нашите Производи:**

- на радио или на телевизија, но таквите реклами ќе се емитуваат само во периоди кога програмата е наменета за Возрасни (за да се сведе на минимум изложувањето на младите); и
- во кино салите, ќе се прикажуваат само кога публиката најверојатно главно се состои од Возрасни.

## КОМПЈУТЕРСКИ ИГРИ И МЕДИУМИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ ДИГИТАЛНИ ПОДАТОЦИ

Ние нема да вклучуваме реклами за брендови на Производи во материјали објавени во медиуми на кои може да се складираат дигитални податоци како што се компакт дискови, DVD дискови, компјутерски игри или каков било друг сличен медиум освен ако не се преземени задоволителни мерки да се обезбеди дека таквиот предмет е наменет само за Возрасни.

## САМО ЗА ВОЗРАСНИ (продолжува)

### ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ И РЕКЛАМИРАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ

| | |
|---|---|
| **Интернет-страници** (управувани од или во име на Компанија на Групацијата) | **Ние ќе поставуваме реклами за брендови на Производи на интернет-страници ако:**<br>• пристапот до интернет-страницата и целата содржина што може да се преземе се ограничени на Возрасни и поставен е Механизам за потврда на возраст пред пристапување до страницата; и<br>• Механизмот и процесот за потврда на возраст пред пристапување до интернет-страницата се извршуваат пред да се сподели каква било брендирана содржина. |
| **Интернет/дигитални реклами** | **Ние ќе поставуваме реклами за брендови на Производи кога:**<br>• имаме задоволителни докази дека најмалку 75 % од корисниците се Возрасни; и<br>• јасно се идентификувани (вклучувајќи ги сите агенции за рекламирање, промоција, истражување, како и сите други организации ангажирани во маркетинг и продажба на нашите Производи кои постапуваат во наше име). |
| **Апликации за мобилни смартфони** (управувани од или во име на Компанија на Групацијата) | **Ние ќе обезбедиме дека сите технологии што им овозможуваат на корисниците да пристапат до интернет-страници со реклами за брендови на Производите преку „кратенки“ со употреба на смартфони:**<br>• ќе бидат достапни за корисници кои се Возрасни и каде што е поставен Механизам за потврда на возраст пред пристапување до страницата; и<br>• Механизмот и процесот за потврда на возраст пред пристапување до интернет-страницата преку апликација за мобилен телефон се извршуваат пред да се сподели каква било брендирана содржина. |
| **Вирален маркетинг** | Ние нема да користиме никаков вирален маркетинг на отворено достапни или други дигитални мрежи каде што е невозможно да се контролира интегритетот на пораката или примателите до кои може да дојде. |

# САМО ЗА ВОЗРАСНИ (продолжува)

## СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

**Ние извршуваме активности на социјални медиуми само:**

- на одговорен начин;
- во согласност со нашиот Кодекс на однесување;
- кога нашите активности се дозволени според локалните Законски барања;
- кога ние сме јасно идентификувани (вклучувајќи ги сите агенции за рекламирање, промоција, истражување, како и сите други организации ангажирани во маркетинг и продажба на нашите Производи кои постапуваат во наше име); и
- со инфлуенсери на социјалните медиуми кога 75 % од следбениците на инфлуенсерот на социјалните медиуми се или веројатно се Возрасни.

## ПРОМОТИВНИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ

Кога се дозволени Промотивни настани и активности за брендови на Производите, ќе ги извршуваме таквите активности само кога тие се дизајнирани да привлечат Возрасни лица.

**Дополнително, ние:**

- ќе го насочиме пробувањето на Производите само на постојни Возрасни потрошувачи кои дале експлицитна и информирана согласност да ги примат таквите бесплатни мостри;
- го ограничуваме пристапот до Промотивните настани и активности за брендови на Производите само на Возрасни;
- ги насочуваме Промотивните настани и активности за брендови на Производите само кон Возрасни со потврдена возраст;
- користиме само (било директно или индиректно) вработени кои учествуваат во Промотивните настани и активности за брендови на Производите (вклучувајќи пробување) кои се на возраст и јасно е дека се на возраст од 21 година или повеќе;
- продаваме или даваме бесплатни промотивни предмети со брендови на Производи со брендирани имиња или логоа на Производите на Возрасни потрошувачи. Промотивната облека со брендови на Производите ќе биде достапна само во големини за Возрасни;
- ги насочуваме промотивните понуди за брендови на Производите само кон Возрасни потрошувачи. Во случаи кога определена понуда дозволува Возрасен потрошувач да биде придружуван од друго лице на настан или активност, лицата кои го придружуваат Возрасниот потрошувач и самите мора да бидат Возрасни.

## СПОНЗОРСТВО

Кога се дозволени активности за Спонзорство на брендови на Производите, ние ќе ги извршуваме таквите активности само кога имаме задоволителни докази дека сите натпреварувачи, членови на тимовите и активните учесници се Возрасни.

Ние ќе обезбедуваме облека и материјали за Спонзорство на брендови на Производите за кој било настан или активност на кој било тим или поединец што учествува на настанот или активноста само кога таквиот тим или поединец е привлечен на Возрасни лица.

## ДИРЕКТНА ПОШТА

Ние нема да ги рекламираме нашите Производи преку директна пошта освен ако имаме потврда дека примателите се Возрасни потрошувачи. Ќе се преземат сите разумни мерки да се обезбеди дека само Возрасни потрошувачи се ставаат на сите листи за директна пошта.

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ПРОИЗВОДИ

Ние ќе нарачуваме истражувања за концептот, рекламирањето и промоцијата на Производите само меѓу Возрасни потрошувачи.

# ПОЧИТУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ НА КОРИСНИКОТ

**Ние нема:**

- да охрабруваме никого да стане потрошувач на Согорливи тутунски производи; или
- да ги премислуваме постојните потрошувачи од откажување од консумација, ако тие така одлучат.

**Ние веруваме во:**

- понуда на Возрасните потрошувачи на широк опсег на производи што ги задоволуваат нивните вкусови; и
- Обезбедување на информации за Возрасните потрошувачи потребни да донесат правилен избор.

## СТИЛ И СОДРЖИНА НА РЕКЛАМИТЕ НА БРЕНДОВИ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Ние веруваме во понуда на портфолио на производи кои ги задоволуваат вкусовите на Возрасните потрошувачи.

Нашите рекламни/промотивни материјали (вклучувајќи ја нивната содржина) и активности и настани за потрошувачите се наменети за постојни Возрасни потрошувачи за да ги информираат за опции на производи и брендови.

**Сепак, нашите рекламни/промотивни материјали (вклучувајќи ја нивната содржина) и активности за потрошувачите нема:**

- да охрабруваат никого да стане потрошувач на Согорливи тутунски производи;
- да ги премислуваат постојните потрошувачи од откажување со консумација на Согорливи тутунски производи;
- да сугерираат дека консумацијата на Согорливи тутунски производи зголемува популарност, спортски, професионален или сексуален успех;
- да сугерираат дека повеќето луѓе консумираат Согорливи тутунски производи.

# ОДГОВОРЕН МАРКЕТИНГ ЗА КОРИСНИЦИТЕ

**Ние:**

- ќе ги прикажуваме и опишуваме нашите Производи на коректен и искрен начин кој нема погрешно да ги наведува нашите Возрасни потрошувачи;
- не тврдиме дека консумацијата на Согорливи тутунски производи е „безбедна“; и
- сме посветени на маркетинг на нашите Производи на одговорен начин.

## МАРКЕТИНГ АКТИВНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Нашите рекламни/промотивни материјали и активности за потрошувачите се во согласност со сите Законски барања, нашиот Кодекс на однесување или нашиот МСМ.

**Ние не:**

- тврдиме дека консумацијата на Согорливи тутунски производи е „безбедна“.

**Ние:**

- нема да сугерираме дека консумацијата на Согорливи тутунски производи е здрава активност; и
- обезбедуваме дека рекламите за нашите Согорливи тутунски производи имаат јасно видливи (за медиуми на емитирање како што е радио - јасно да се слушаат) здравствени предупредувања.

## ПЛАСМАН НА ПРОИЗВОДИ

Ние нема да вршиме каква било исплата (директно или индиректно) за пласман на нашите Производи, брендови или реклами во каков било филм, телевизиска програма или каква било друга јавна изведба или забавен медиум наменет за општата јавност.

## УПОТРЕБА НА ИМИЊА И ЛОГОА НА БРЕНДОВИ ОД ТРЕТИ СТРАНИ

Ние ќе преземеме разумни чекори да спречиме трети страни да ги користат трговските марки и дизајни на нашите Производи, без наше овластување или на начин спротивен на нашиот МСМ.

# ОДГОВОРЕН МАРКЕТИНГ ЗА КОРИСНИЦИТЕ (продолжува)
# ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА

## ПРАКТИЧЕН ВОДИЧ

**Здравствените предупредувања:**

- се поставуваат на **Согорливи тутунски производи** и на следните рекламни/промотивни материјали (каде што е дозволено) за потрошувачите на Согорливи тутунски производ:
  - ✓ Печатени публикации
  - ✓ Надворешно рекламирање
  - ✓ Материјали за продажни места (>250 квадратни сантиметри и со исклучок на брендирани предмети што се даваат на потрошувачите)
  - ✓ На реклами на радио, телевизија и во кино
  - ✓ Во дигитален маркетинг и рекламирање на интернет
  - ✓ На видео и аудиоснимки, CD, DVD дискови и компјутерски игри
  - ✓ Преку директна пошта
- се појавуваат на најсоодветниот локален јазик;
- јасно се видливи (каде што е релевантно - се слушаат);
- вклучуваат повикување на законскиот извор на здравственото предупредување, ако е применливо и законски дозволено.

## СОГОРЛИВИ ПРОИЗВОДИ И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

**Соодветни здравствени предупредувања, како што е утврдено за Законските обврски, се поставуваат на сите:**

- рекламни/промотивни материјали за брендови на Согорливи тутунски производи за потрошувачите;
- материјали за продажни места каде што површината на рекламниот простор надминува 250 квадратни сантиметри (со исклучок на брендирани предмети што се даваат на потрошувачите - каде што е дозволено);
- кутии од Согорливи тутунски производи произведени и/или пласирани на пазарот од Компаниите на нашата Групација (како и сите други надворешни пакувања наменети за презентација на потрошувачите).

**За земјите каде што не се утврдени никакви Законски обврски за здравствените предупредувања, ќе се постават соодветни и најчесто користени здравствени предупредувања на сите:**

- рекламни/промотивни материјали за брендови на Согорливи тутунски производи за потрошувачите; и
- кутии од Согорливи тутунски производи произведени и/или пласирани на пазарот од Компаниите на нашата Групација (како и сите други надворешни пакувања наменети за презентација на потрошувачите).

## ДОДАТОЦИ

**Освен ако е поинаку утврдено со Законските обврски на земјата, ние не поставуваме здравствени предупредувања на Додатоци затоа што:**

- Согорливите тутунски производи веќе имаат здравствени предупредувања; и
- дополнителни здравствени предупредувања на Додатоците нема да му обезбедат на потрошувачот никакви дополнителни информации.

Регистрирана канцеларија:
Imperial Brands PLC
121 Winterstoke Road
Bristol BS3 2LL
Обединето Кралство
www.imperialbrandsplc.com



IMPERIAL
BRANDS